Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Org.unit | No. | Attachment | Value |
|---|---|---|---|
| 03 | 3481/1 | 0 | |


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-988/6
25. 09. 2023 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 47 седница одржана на 30.11.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Образование“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки, насока: Образование“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер по компјутерски науки, насока образование /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelors in Computer sciences, module: Education.

Научно - истражувачко подрачје: 2 - Техничко технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 212 - Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 21203 Бази на податоци, 21204 Обработка на информации, 21206 Процесирање на податоци.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 08-2113/5 од 06.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Образование“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за современи науки и технологии, Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-2113/7 од 23.09.2022 година (наш бр. 08 -988/1 од 04.10.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 44-та седницата одржана на 19.10.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 988/3 од 02.12.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 47-та седница одржана на 30.11.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

[1] 03-3481/1 [2023]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

Pranuar / Примено: 25.05.2023

| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1498/1 | 0 | |

Бр.-Nr. 08 - 996/7
15.05. 2023 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 56 седница одржана на 10.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Образование", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки, насока: Образование", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран инженер по Компјутерски науки, насока: Образование /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in Computer Sciences Module: Education.

Научно - истражувачко подрачје: 1 - Природно математички науки 2 - Техничко технолошки науки, 5 Општествени науки; Начно – истражувачко поле: 109 – Математика 110 - Информатика 212 - Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 10907 – математичка статистика и операциони истражувања 11000 - Информатика 11002 - Информациони системи и програмирање 21203 - Бази на податоци 21204 - Обработка на информации 21206 - Процесирање на податоци 21208 – друго 50514 образование со примена на компјутер.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 08-2113/5 од 06.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерски науки, насока: Образование", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за современи науки и технологии, Универзитет на Југоисточна Европа, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-2114/7 од 23.09.2022 година (наш бр. 08 - 996/1 од 04.10.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 44-та седницата одржана на 19.10.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 996/6 од 27.04.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 56-та седница одржана на 10.04.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

[1] 03-1498/1 [2023]